СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

**_февруари 2018 година_**
**_ЕУЦ-број 31/2018_**

European Commission

## УСВОЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Европската комисија на 6 февруари 2018 година ја усвои Стратегијата за „Доверлива перспектива за проширување и зајакнување на ангажманот на ЕУ со Западен Балкан“, потврдувајќи ја европската иднина на регионот како геостратешка инвестиција во стабилна, силна и обединета Европа базирана на заеднички вредности.

Стратегијата ги нагласува приоритетите и областите на заедничка засилена соработка, справувајќи се со специфичните предизвици со кои се соочува Западен Балкан, особено со потребата од фундаментални реформи и добрососедски односи. Доверливата перспектива за проширување бара постојани напори и неповратни реформи. Напредокот по европскиот пат е објективен и заснован на заслуги процес кој зависи од конкретните резултати постигнати од секоја поединечна земја.

Заедно со Стратегијата, Комисијата објави шест водечки иницијативи - специфични активности кои ЕУ ќе ги преземе следните години за поддршка на напорите за трансформација на Западен Балкан во области од заеднички интерес.

За исполнување на критериумите за членство во ЕУ и во свој сопствен интерес, Западен Балкан треба да спроведе сеопфатни реформи во клучните области. Владеењето на правото, основните права треба значително да се зајакнат. Судските реформи, борбата против корупцијата и организираниот криминал и реформата на јавната администрација треба да испорачаат вистински резултати и треба сериозно да се зајакне функционирањето на демократските институции. Економските реформи мора да се следат со енергичност, така што ќе се решат структурните слабости, ниската конкурентност и високата стапка на невработеност.

Сите земји недвосмислено се обврзуваат да ги надминат препреките од минатото, преку помирување и решавање на отворените прашања, особено на граничните спорови пред пристапувањето во Европската унија.

Европската комисија предлага постепено да ги зголеми финансиските средства во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) до 2020 година. Само во 2018 година, веќе е предвидено 1,07 милијарди евра претпристапна помош за Западен Балкан.

Сите земји од Западен Балкан имаат шанса да напредуваат на нивните европски патеки. Комисијата ги оценува сите земји на фер и објективен начин врз основа на нивните сопствени заслуги и брзината со која тие постигнуваат напредок.

*Во Стратегијата се наведува дека Република Македонија постигнува значителен напредок на нејзиниот европски пат и Комисијата е подготвена да подготви препораки за отпочнување на преговори за членство, врз основа на исполнетите услови.*

Стратегијата истакнува дека лидерите во регионот не смеат да остават сомнеж за нивната стратешка ориентација и посветеност. Тие се оние кои на крајот мора да ја преземат одговорноста за да ја направат оваа историска можност реалност.

Самата ЕУ треба да биде подготвена за нови членови во семејството - откако ќе се исполнат условите - вклучително и од институционална и финансиска перспектива. Унијата мора да биде посилна, поцврста и поефикасна пред да може да биде поголема.

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/countries/package_en

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Усвоена Стратегија за Западен Балкан | 1 |
| Шест водечки иницијативи за поддршка на трансформацијата на Западен Балкан | 2 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 3 |
| Собраниеки активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Одобрен заем за транс-јадранскиот гасовод | 6 |
| Транзицијата на Европа кон зелена енергија | 7 |
| Започна трката за наследник на Јункер | 8 |
| Зајакнување на улогата на жените во претприемништвото | 9 |
| 20-ти мај прогласен за светски ден на пчелите | 10 |
| Одбележани 10 години на Советот за регионална соработка | 11 |
| ЕУ календар / март 2018 | 11 |

## ШЕСТ ВОДЕЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДДРШКА НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Европската унија е клучен донатор и инвеститор во регионот и политички партнер и најголем трговски партнер на Западен Балкан со вкупен обем на трговија од 43 милијарди евра (2016 година).

На 6 февруари 2018 година, Европската комисија постави „Шест водечки иницијативи“, во насока на зајакнување на соработката во повеќе области и во поддршка на процесот на трансформацијата во Западен Балкан.

Водечките иницијативи се насочени кон специфични области од заеднички интерес:

*1. Владеење на правото* - иницијатива во која постојните алатки, како што се деталните акциони планови, ќе се прошират на сите земји од Западен Балкан. Проценката на спроведувањето на реформите ќе се подобри, вклучително и преку нови советодавни мисии.

*2. Безбедност и миграција* - предвидува засилена соработка во борбата против организираниот криминал, борбата против тероризмот и насилниот екстремизам и безбедноста на границите и миграцијата. Во регионот ќе се поставаат офицери за врски на Европол; ќе се промовираат Заеднички истражни тимови дополнително беа промовирани како и ќе се склучат статусни договори со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (FRONTEX).

*3. Социо-економски развој* - иницијативата вклучува проширување на Инвестициската рамка за Западен Балкан, значително зголемување на обезбедувањето гаранции за приватни инвестиции, поддршка за отворање нови и постоечките мали и средни претпријатија и поголемо олеснување на трговијата. Поголем фокус се дава на политиките за вработување и социјалната политика, преку зголемување на финансиската помош за поддршка на социјалниот сектор, особено образованието и здравството. Финансирањето под Еразмус + ќе се зголеми двојно.

*4. Транспорт и енергетско поврзување* - во рамките на регионот и со ЕУ, вклучувајќи и нова инвестициска поддршка. Поефикасно ќе се искористи Инструментот за поврзување на Европа во земјите од Западен Балкан. За зајакнување на Енергетската унија на ЕУ предвидено е нејзионо проширување на Западен Балкан.

*5. Дигитална агенда* - во која ќе биде вклучен патоказ за олеснување на намалувањето на трошоците за роаминг, поддршка во употребата на широкопојасен интернет и развој на е-власт, е-набавки, е-здравство и дигитални вештини.

*6. Помирување и добрососедски односи* - преку која ќе се даде поддршка на транзиционата правда, исчезнатите лица и зголемената соработка во образованието, културата, младите и спортот и проширување на опсегот на Регионалната канцеларија за младинска соработка. Западен Балкан ќе биде целосно поврзан со Европската година на културното наследство; Ќе биде лансиран Пат за наследство на ЕУ и Западен Балкан.

Конкретни активности во овие области се предвидени помеѓу 2018 и 2020 година.

За остварување на Стратегијата за Западен Балкан и да се поддржи непречено преминување во членство, неопходно е соодветно финансирање. Европската комисија предлага постепено да ги зголеми финансиските средства во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) до 2020 година. Само во 2018 година, веќе е предвидено 1,07 милијарди евра претпристапна помош за Западен Балкан.

https://www.eureporter.co
http://europa.eu/rapid/press-release_IP-18-561_en.htm

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 05-08 февруари 2018 година***

Зајакнувањето на енергетските иновации бара активно учество на граѓаните и долгорочна визија за начинот на распределување на ресурсите, истакнаа европратениците на пленарната сесија во Стразбур. Европарламентарците усвоија низа необврзувачки препораки изготвени од страна на Комитетот за енергија (ITRE) за „унапредување на иновативноста за чиста енергија“, со 559 гласа, 63 против и 43 воздржани.

Европратениците истакнаа на потребата за шеми за системско образование и ангажирање за да се помогне на европските граѓани за промена на размислувањата и да разберат како можат да иновираат и да користат дигитални алатки за производство, користење и зачувување на поодржлива и почиста енергија. Бариерите за влез на пазарот треба да се намалат за олеснување на учеството на граѓаните. Потребно е да се обезбеди отвореност, транспарентност и фер конкуренција.

Европската унија треба да истражи различни начини за помош на земјите и економиите во развој во нивната енергетска транзиција и треба да изготви извозна стратегија за одржливи, чисти енергетски технологии и решенија, додека процедурите за регистрација на патент на европско и национално ниво ќе бидат полесни и повеќе достапни.

Глобалниот Индекс на иновации „Cleantech“ од 2017 год. рангира пет земји-членки на ЕУ меѓу првите 10 за новите чисти технолошки иновации. Единаесет земји-членки на ЕУ се наоѓаат во топ 20, а дваесет се во првите 40 во светот.

Европскиот парламент го усвои законот за зајакнување на ограничувањата на ЕУ за емисии на $CO_2$ од индустријата, со цел да започне со исполнување на ветувањата од Парискиот климатски договор. Новиот закон, кој е веќе неофицијално договорен со министрите на ЕУ, ќе го забрза повлекувањето на дозволите за емисии достапни на „пазарот на јаглен“ на системот за тргување со емисии на ЕУ (ETS), кој опфаќа околу 40% од емисиите на стакленички гасови во ЕУ. Законот предвидува:

- намалување на годишното ниво на емисии што ќе се пласираат на пазарот (т.н. „линеарен фактор на намалување“) за 2,2% до 2021 година, наспроти планираното 1,74% во моментов; и
- двојно зголемување на капацитетот на ETS за стабилност на пазарот за отстранување на вишокот на емисии.

Законот, исто така, има за цел да спречи т.н. „протекување на јаглен“, односно ризикот дека компаниите може да го преселат своето производство надвор од Европа поради политиките за намалување на емисиите. Секторите со најголем ризик ќе добијат бесплатни ETS надоместоци. Помалку изложените сектори ќе добијат бесплатно 30%.

Текстот на законот беше одобрен со 535 гласа, 104 против и 39 воздржани. Сега ќе се врати во Советот за официјално усвојување пред објавувањето во Службениот весник на ЕУ.

Европскиот парламент го усвои мандатот на Специјалната комисија за контрола на процедурата за одобрување пестициди во ЕУ, која ќе брои 30 члена. Комисијата ќе достави конечен извештај за своите фактички наоди и препораки.

Новите усвоени правила ќе забранат "гео-блокирање" на купувачите кои пребаруваат веб-страници во друга земја на ЕУ, со цел да им овозможат да изберат од која веб-страница купуваат стоки или услуги, без да бидат блокирани или автоматски пренасочени на друга веб-страница поради нивната националност, место на живеење или дури и нивно привремено сместување.

http://www.europarl.europa.eu

http://www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери, на 1 февруари 2018 година оствари средба со комесарот за човекови права на Советот на Европа, Нилс Мужниекс на која го нформира за актуелната ситуација и активностите на Собранието во однос на измените и дополнувањата на закони поврзани со заштитата на човековите права и почитувањето на различностите, согласно меѓународно признаените стандарди и практики. Претседателот на Собранието на средбата го истакна фактот дека законодавниот дом, преку годишниот извештај на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, го следи извршувањето на истите.
Комесарот Мужниекс позитивно ги оцени активностите на законодавниот дом во однос на имплементација на препораките од Советот на Европа. Подобрувањето на легислативата во доменот на човековите права, особено преку законските измени во доменот на дискриминацијата и надлежностите на народниот правобранител, се од суштинско значење за подобрување на реализацијата на човековите права во време на демократски развој на земјата.

---

На 9 февруари 2018 година Претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери, оствари средба со генералната секретарка на Европското женско лоби, Џоана Мејкок. На средбата Џафери истакна дека Собранието е инклузивно и отворено и во насока на унапредување на родовата еднаквост и еднаквата застапеност има усвоено закон според кој 40% од вкупниот број на пратеници треба да бидат од женскиот пол, односно пратенички. Како резултат на ова, во последните 10 години е забележано зголемување на бројот на застапеност на пратеничките и истите се рамномерно распределени по работните тела на Собранието.
Генералната секретарка на Европското женско лоби, Џоана Мејкок нагласи дека е потребно да се работи во областа на законодавството за унапредување на родовата еднаквост, при што се согласи дека воведувањето на квотата за зголемување на застапеноста на пратеничките во Собранието на Република Македонија е позитивен пример кој може да го следат и други земји. На крајот на средбата, соговорниците се согласија дека е потребно да се интензивира соработката и споделувањето на искуствата меѓу Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија и Клубот на пратенички во Европскиот парламент, со цел обезбедување на еднаква родова застапеност во сите институции.



---



На 26 февруари 2018 година во Собранието на Република Македонија се одржа Интерпарламентарна конференција на тема: „Моќта на касата: буџетски овластувања и процедури на Европскиот парламент“.
Воведни обраќања на Конференцијата имаа претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери и европратеникот Игор Шолтес, член на Комитетот за надворешни работи. Претседателот Џафери изрази убедување дека оваа Конференција ќе придонесе кон натамошното јакнење на демократскиот и парламентарниот капацитет на Собранието, а со тоа посредно и на демократските процеси во општеството и државата.
Европратениците и членови на Буџетскиот комитет, Џон Ховарт и Јан Олбрихт, говореа за Буџетот на ЕУ и улогата на Европскиот парламент во усвојување на истиот, како и за повеќегодишната финансиска рамка: од 2014-2020 до следната ПФР.
Своите искуства ги споделија Дениз О’Конел, заменик-директор од Канцеларија за буџет во Ирскиот парламент; д-р Фридрих Зиндерман, висок експерт од Канцеларија за буџет во Австрискиот парламент и Емил Атанасовски, директор за Западен Балкан од Вестминстер фондација за демократија.

---

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

На 26 февруари, во Собранието на Република Македонија се одржа 13-та Конференција на парламентарните комисии за европски прашања/ интеграции на државите опфатени во процесот за стабилизација и асоцијација од Југоисточна Европа-КОСАП. Конференцијата свечено ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија, Артан Груби, а своe поздравно обраќање имаше и претседателот на Собранието, Талат Џафери.

Во рамки на Конференцијата се одржаа две работни сесии кои се дел од еден ист процес, односно исполнување на ЕУ реформите за зачленување во Унијата. На *првата сесија* на тема: Европска перспектива на Западен Балкан, со свое обраќање во дискусијата учествуваа амбасадорот на ЕУ во Македонија, г. Самуел Жбогар, европратеникот, г. Едуард Кукан, како и г. Кристијан Вигенин, претседател на Комисијата за европски прашања и контрола на Европските фондови.

На *втората сесија* на тема: Западен Балкан владеен од правото говорници беа амбасадорот на САД во Македонија, г. Џес Бејли, министерот за надворешни работи, г. Никола Димитров, европратеникот, г. Иво Вајгл и министерот за правда, г. Билен Салији.

Претседавачот Груби изрази верување дека Конференција уште еднаш на јасен и недвосмислен начин ја покажа подготвеноста на парламентарците од земјите од овој регион заеднички да работат на неговото што поскорешно интегрирање во Европската унија. На крајот од дискусијата од страна на членовите на 13-тата Конференција беше усвоена ***Заедничка изјава***.



www.sobranie.mk

---




Од 6 до 8 февруари 2018 година во Европскиот парламент во Стразбур се одржа 14 Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија - Парламентарен комитет за стабилизација и асоцијација, во чија работа заеднички учествуваат пратеници од Собранието на Република Македонија и пратеници од Европскиот парламент.

Во дводневната работа на Комитетот учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во состав Горан Милевски, копретседавач, Антонијо Милошоски, заменик копретседавач, Жаклина Лазаревска, член, Реџеп Мемеди, член, Бетиан Китев, заменик-член и Ејуп Алими координатор на ДУИ. На состанокот беа разменети мислења за односите меѓу Европската Унија и Република Македонија, спроведувањето на „Планот 3-6-9“ и препораките од групата високи експерти за системски прашања од областа на владеењето на правото, со акцент на реформите во судството, изборните реформи, реформите во работата на Собранието, реформите во медиумите, реформите во јавната администрација и соработката со граѓанското општество.

Свое обраќање на состанокот имаше и министерот на надворешни работи на Република Македонија, г. Никола Димитров, кој во името на Владата на Република Македонија пред пратениците истакна дека примарната цел на реформската Влада е да изгради модерна европска земја, која ги споделува европските вредности и негува добри соседски односи. Информираше и за фокусот кој е ставен на реформите во судството, реформата на јавната администрација, реформата на медиумите и доброто владеење.

На крајот на состанокот, пратениците од Собранието на Република Македонија и пратениците на Европскиот парламент со мнозинство гласови усвоија ***Завршни препораки*** до институциите на Република Македонија и на Европската Унија.

---

## ОДОБРЕН ЗАЕМ ЗА ТРАНС-ЈАДРАНСКИОТ ГАСОВОД



Европската инвестициона банка (EIB) го одобри најголемиот заем досега за енергетскиот проект Транс-јадрански гасовод (ТАР).

Заемот од 1,5 милијарди евра ќе се користи за изградба на гасовод кој ќе се движи од Каспиското езеро до Медитеранот.

ТАР ќе биде европски крак на Јужниот гасен коридор, голем инфраструктурен проект за пренос на фосилно гориво. Коридорот ќе поминува од Азербејџан преку Турција до северна Грција и Албанија, а потоа на југ од Италија.

Управата на EIB се согласи да финансира проект за енергија и транспорт вреден 6,5 милијарди евра, но оваа долгоочекувана одлука го засенува проектот ТАР. Одлуката за заемот требаше да биде донесена во декември. Сепак, банката со седиште во Луксембург го одложи донесувањето на одлуките со цел подетално да се разгледа проектот.

Потпретседателот на EIB, Ендру Мекдовел на 6 февруари за Ројтерс изјави дека проектот ТАР ќе помогне да се надомести европското производство, кое е во опаѓање и да се обезбеди диверзификација на изворите на гас, како и транзицијата од јаглен на гас во Централна и Југоисточна Европа.

Се проценува дека овој гасовод ќе испорачува десет милијарди кубни метри гас од полето Шах Дениз 2 во Азербејџан на годишно ниво. Сепак, веќе има некои нови загрижености во врска со овој гасовод, откако рускиот Гаспром сугерираше дека, исто така, добива можност да го испорача својот гас преку гасоводот ТАР.

Невладините организации, како и европратениците, предупредуваат дека проектот ќе има негативно влијание врз климата.

Во меѓувреме, активистите за заштита на животната средина велат дека локалните заедници веќе ги трпат последиците од изградбата и дека гасоводот е некомпатибилен со целите на Парискиот климатски договор.

Невладината организација CEE Бенквоч (Bankwatch) во неодамна објавената студија тврди дека ниту еден инвеститор за Гасоводниот коридор не направил проценка на влијанието врз климата. Оваа организација предупредува дека проектот ќе биде уништен од климатските, како и од проектите за јаглен, поради истекување на емисиите на метан и јаглерод.

Колин Роше од организацијата „Пријатели на земјата Европа“ рече дека EIB „бесрамно ја блокира Европа во децениска зависност од фосилни горива, иако просторот за користење на ова гориво се затвора“.

Европската инвестициона банка додели значајни средства во други области, вклучително и иницијативите за зелени обврзници и проектите за обновлива енергија, како што е новата фарма на ветер во Австрија и хидроелектраната во Грузија.

Исто така, се одобруваат средства за „паметно“ финансирање со цел да се помогне во подобрувањето на енергетската ефикасност и борбата против енергетската сиромаштија.

ТАП е еден од Проектите од заеднички интерес (PCI) на Европската комисија. На листата се енергетски проекти означени за поповолен третман, бидејќи се смета дека се во согласност со енергетските и климатските цели на ЕУ.

Местото на ТАР гасоводот на листата е образложено со тврдењето дека ќе овозможи транзиција од највалканото фосилно гориво и ќе помогне да се диверсифицира снабдувањето со енергија во блокот, како и да се намали европската зависност од Русија.

Сепак, листата на Проекти од заеднички интерес наиде на остри критики со самото нејзино објавување од страна на Европската комисија во 2017 година, а група европратеници од различни групи во ЕП во јануари официјално достави коментари по истата.

https://www.euractiv.com

## ТРАНЗИЦИЈАТА НА ЕВРОПА КОН ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА

Шведска е една од водечките земји во однос на енергетската транзиција во Европа. Оваа земја добива од обновливи извори на енергија повеќе од половина од своите енергетски потреби. До 2045 година Шведска планира да се ослободи од јагленот. Сепак, успехот на оваа скандинавска држава е во огромна спротивност во споредба со останатите држави.

И покрај целите за транзиција на ЕУ за 2020 година, некои земји и понатаму заостануваат. На пр. Полска сè уште останува длабоко зависна од јаглен за да ја генерира својата енергија. Со толку многу работни места кои зависат од фосилното гориво, постои очигледна неподготвеност за промена.

Додека поголемиот дел од полската енергија сè уште доаѓа од јаглен, се прават мали чекори за генерирање на позелена енергија во земјата преку иницијативи на соларна фарма. До 2020 година, 15% од енергетските потреби на Полска треба да доаѓаат од обновливите извори на енергија.

Според истражувачот Кшиштоф Капуста од Технолошкиот центар за чист јаглен во Миколов - лабораторија финансирана од ЕУ „Гасификација на јагленот е подобра од конвенционалното палење, бидејќи овозможува да се намали влијанието врз животната средина при користењето на јаглен - со отстранување на загадувачите како сулфур и жива“.

Енергетска слика на Европа

- Европа ја зголеми двојно употребата на обновливи извори во изминатите 12 години;
- Енергијата што се троши во Европа може да ги задоволи сите потреби;
- Енергетски ефикасните производи може да заштедат на семејствата до 500 евра годишно;

Повеќе од 1/4 од иновациите за нови технологии во обновливите извори се направени од европски компании.

Земјите во Европа и понатаму не се согласуваат околу целите на транзицијата на блокот во 2030 година. Шведскиот министер за енергија, Ибрахим Бајлан, сепак тврди дека промената е неизбежна и економски корисна. „Јагленот повеќе не е најевтин начин за производство на електрична енергија или енергија. Оваа година, гледаме дека се градат офшор ветерници без никакви субвенции.“ - истакнува Бајлан.

Сепак, јазот помеѓу земјите на ЕУ кога станува збор за генерирање на енергија од обновливи извори е значителен.

Во 2016 година, податоците од Евростат покажаа дека Австрија (72,6%) и Шведска (64,9%) произвеле најмалку 3/5 од вкупната електрична енергија од обновливи извори на енергија, додека Португалија (54,1%), Данска (53,7%) и Латвија (51,3%) произведени повеќе од половина.

На спротивниот крај на скалата, најниските пропорции на обновливи извори биле регистрирани во Луксембург (5,4%), Малта и Холандија (двете по 6,0%), Белгија (8,7%) и Обединетото Кралство и Кипар (9,3%).

http://www.euronews.com






## ЗАПОЧНА ТРКАТА ЗА НАСЛЕДНИК НА ЈУНКЕР



Натпреварот за функцијата на следниот претседател на Европската комисија веќе започна во кулоарите во Брисел, но членките на ЕУ сеуште не се ни блиску до договор за изборниот процес. Во игра не е само борбата за моќ меѓу државните лидери и Европскиот парламент во врска со тоа кој ќе го избира наследникот на Жан-Клод Јункер, туку и прашањето за демократијата што може да им даде нови аргументи на евроскептиците.

Помеѓу можните кандидати најчесто се споменува името на французинот Мишел Барние, во моментов главен преговарач на ЕУ за Брегзит. Неговата кандидатура беше видена и во 2014 година, но тогаш Европската народна партија (ЕРР) се определи за Јункер, пишува Франс прес (AFP). Јункер беше избран по новиот контроверзен систем „Spitzenkandidat“ (на германски врвен кандидат), по кој најголемите политички групи во Европскиот парламент ги номинираат кандидатите за тоа место. Секоја група предлага листа за избор на европратеници, а првиот на партиската листа која ќе освои најмногу гласови се номинира за претседател на Комисијата.

Европските договори предвидуваат дека Европскиот совет на лидери од 28-те земји-членки ги избира кандидатите со квалификувано мнозинство, иако овие договори неопходно бараат „да ги земат предвид изборите за ЕП“. На крајот, последниот збор го има Парламентот.

Европскиот парламент сака повторно да го употреби методот „Spitzenkandidat“, бидејќи смета дека на тој начин ќе се зголеми транспарентноста и ќе се зајакне политичкиот легитимитет како на Парламентот, така и на Комисијата.

Повеќе европски лидери на чело со францускиот претседател Емануел Макрон се противеа на таа метода, мислејќи дека европратениците со тоа ја одземаат моќта на државите да изберат личност која има една од највлијателните улоги во Европа.

Во 2014 година постоеше негодување во неколку европски главни градови, бидејќи постапката што доведе до номинација на Јункер не беше доволно транспарентна. Некои сметаат дека тој систем доведува до политизација на Европската комисија, што се оценува како штетно. Други се плашат од ситуацијата на европските избори во мај 2019 година во која би победиле партиите од редот на евроскептиците што би можело да доведе до избор на кандидат од нивните редови. Затоа, се очекува поостар настап на европратениците на новата седница во Стразбур.

„Европскиот парламент ќе го одбие секој кандидат за претседател на Комисијата кој нема да биде номиниран како „врвен кандидат“ пред изборите за Европскиот парламент“, предупреди Манфред Вебер, шеф на пратеничка група која веројатно ќе биде најголема група во Европскиот парламент по изборите кои следат. Според него, ако земјите-членки на ЕУ се обидат да го отфрлат овој принцип, тогаш „тие ќе мора да објаснат зошто, покрај големите говори за потребата од демократски промени во Европа, тие навистина не се подготвени да се откажат од нетранспарентност и тајни“.

И шефот на кабинетот на Јункер, германецот Мартин Зелмаир повика на повторување на постапката од 2014 година.

Бидејќи досега не е избрана ниту една формула, сè уште нема официјални кандидати. Јункер претходно изјави дека нема повторно да се кандидира.

Мишел Барние, поранешен еврокомесар и неколкупати министер во француската влада, член на ЕПП, никогаш не кажа дека повторно ќе биде кандидат за функцијата, но на прв план ги стави своите тековни должности, пишува Франс прес.

Друго име кое се спомнува е данкињата Маргарет Вестагер, комесар за конкуренција, која предизвика повеќе удари на американските интернет компании. Таа, сепак припаѓа на помала либерална група во ЕУ и ќе има потешкотии да добие поддршка.

Можноста за кандидатура не беше отфрлена ниту од францускиот социјалист Пјер Московиси, комесар за економија.

https://www.ndtv.com

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ ВО ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Промовирањето на претприемништвото меѓу жените е решение за проблемот со невработеноста, кое во моментов е поддржано во Европа. Во Франција, ХЕЦ - меѓународно бизнис училиште, ги поддржува жените од малцинските населби со ниски приходи, во рамките на женското претприемништво.

Во текот на јануари, жените од обесправените француски населби работеа на сопствени бизнис модели со ученици од ХЕЦ. Проектот Stand-up, кој претходно траеше една недела, се претвори пред две години во долгорочна програма за поддршка со неделна селекција, три недели во јануари и две сесии во текот на летото. Деловното училиште има поставено цел од 380 Stand-up програми во 2018 година.

Според студија објавена во 2015 год. од Институтот за истражување за проучување и следење на животните стандарди CREDOC, само 2% од жените се сопственици на бизниси во чувствителните урбани зони (ZUS), во споредба со 6% надвор од тие зони. „Чувствителни урбани зони“ се урбаните територии дефинирани од француските власти како приоритетни цели за урбани политики, поради тешкотиите што ги имаат локалните жители. Овие населби, исто така, страдаат од родова нееднаквост, бидејќи мажите имаат трипати поголеми шанси да бидат сопственици на бизниси во чувствителните урбани зони.

Северин Ле Лоар, член на Одделот „Жените и економската обнова“ во школата за менаџмент во Гренобл, го постави тоа прашање како идна перспектива. „Идејата дека не постои женско претприемништво во т.н. груби соседства е сосема неточна. Генерално, претприемништвото е поретко на такви места, подеднакво за жените и за мажите. Што се однесува до женското претприемништво, тоа е различно, бидејќи е повеќе кооперативно и поддржувачко, базирано на колективи, и со покреативен пристап“.



Хафида Гебли, од Сена-Сен-Дени, е поранешен учесник во проектот Stand -up чиј афинитет кон бизнисот започнал кога имала само 13 години. „Ги изнајмував фустаните на соучениците. Продолжив да го правам ова долго време, дури и создадов страница на Фејсбук на 18“. Хафида е основач на Neybs, апликација која овозможува директен контакт меѓу станарите и сопствениците (на пр. во случај на прекини на електрична енергија или оштетувања предизвикани од вода) и се прилагодува на лицата со посебни потреби (слепи, наглуви, итн.).

На Самитот „Жени 20“ во Берлин, женските лидери од целиот свет разговараа за тоа како да се промовира економското зајакнување на жените на агендата на раководството на Г-20 каде што доминираат мажи.

На европско ниво, жените претставуваат 52% од населението, но само 30% од новите бизниси. Во обид да се поправи оваа слика, Комисијата предложи тренинг и информативни програми, сите консолидирани на платформата WeGate.

Сепак, ова е почетна иницијатива. Пример за таква програма е „Европската заедница на жени Бизнис ангели за Жени претприемачи“, чија цел е да ги поддржи аспиранткните жени претприемачи во изнаоѓање алтернативни извори на финансирање со помош на бизнис ангели (жени кои во моментот се на чело на компаниите). Започнат во 2017 година, сега има 4 проекти кои опфаќаат 14 земји-членки.

https://www.euractiv.com

## 20 МАЈ ПРОГЛАСЕН ЗА СВЕТСКИ ДЕН НА ПЧЕЛИТЕ



Со усвојување на Резолуцијата предложена од Словенија и одобрена од сите земји-членки на ЕУ, но и од многу други земји во светот, Обединетите нации го прогласија 20-ти мај за „Светски ден на пчелите“ со цел да ја подигнат свеста за значењето на овие инсекти, истовремено предупредувајќи за намалување на нивниот број во светот.

Одлуката за одбележување на Светскиот ден на пчелите беше усвоена од Генералното собрание на ОН на крајот од декември 2017.

Резолуцијата на 155 т.н. ко-спонзори, вклучувајќи ја и Европската унија, САД, Кина и Русија, предвидува дека Светскиот ден на пчелите ќе биде обележан „преку едукација и активности за подигнување на свеста за значењето на пчелите и другите опрашувачи, опасностите со кои се соочуваат и нивниот придонес кон одржливиот развој“.

Пчелите и другите опрашувачи се од клучно значење за глобалниот синџир на исхрана. Тие не само што допринесуваат за безбедноста на храната, туку извршуваат и економски активности во вредност од 577 милијарди долари, според Меѓувладината научно- политичка платформа за биолошка разновидност и екосистемски услуги (IPBES).

Овие инсекти се клучен дел од многу екосистеми и се добар индикатор за здравјето на екосистемот.

Бројот на опрашувачи во Европа е намален во последните 30 години за 3/4. Иако не е јасно зошто е така, многу научници веруваат дека одлучувачки фактор е растот на употребата на пестицидот - неоникотиноид.

Овој пестицид е широко користен, дејствува на нервниот систем на инсектите, тежината и репродуктивниот систем. Обично се користи за прскање на семето пред сеење, но растенијата апсорбираат помалку од 20% од хемикалијата, додека остатокот завршува во природната средина.

Во 2011 година Словенија ја забрани употребата на неоникотиноиди и беше прва членка на ЕУ што го стори тоа. ЕУ воведе мораториум за употреба на три вида неоникотиноид во 2013 година и сега размислува за целосна забрана.

Пчеларството е вкоренето во културата на Словенија која три години ги предводи напорите за официјално прогласување на „Светскиот ден на пчелите“ во Обединетите нации. Пред гласањето на пленарната седница, резолуцијата беше едногласно усвоена во средината на ноември од страна на Економскиот и финансиски комитет на ОН.

Словенечкиот вицепремиер, Дејан Жидан го поздрави воведувањето на денот на пчелите. „Пчелите и другите опрашувачи конечно го имаат местото што го заслужуваат, со оглед на нивното значење за светот и човештвото. Прогласувањето на Светскиот ден на пчелите е доказ дека постои волја да се преземе акција“, рече Жидан.

„Ова е само почеток на еден тежок процес за заштита на пчелите и другите опрошувачи. За да бидеме успешни, треба да ги собереме владите на сите земји, бизнис заедницата и граѓанското општество“, рече словенечкиот официјален претставник.

Словенија има намера да основа меѓународно пчеларско училиште во кое пчеларите од целиот свет ќе се едуцираат и ќе ги споделат знаењата за пчелите и пчеларството.

Еден од 200-те Словенци е пчелар, а Словенија е меѓу земјите со најголем удел на пчелари во светската популација.

https://www.worldbeeday.org/en/

## ОДБЕЛЕЖАНИ 10 ГОДИНИ НА СОВЕТОТ ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Советот за регионална соработка (RCC) на 27 гевруари 2018 година го одбележа својот 10-ти роденден. Советот започна со работа на 27 февруари 2008 година во Софија, на состанокот на министрите за надворешни работи на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (SEECP), кога официјално беше стартуван RCC, како оперативна рака на SEECP, под чија надлежност продолжува да функционира.

Советот за регионална соработка претставува рамка за сеопфатна соработка, во сопственост и водена од регионот. Оваа рамка ги ангажира учесниците на RCC од Југоисточна Европа (SEE), меѓународната заедница и донаторите за теми кои се важни и кои се од интерес за SEE, со цел промовирање и унапредување на европската и евроатланската интеграција на регионот.

Повеќегодишниот акционен план за регионален економски простор (MAP REA) инициран преку Берлинскиот процес, договорен од лидерите на регионот на Самитот за Западен Балкан во Трст 2017, ја воведува новата димензија на регионалната соработка за забрзување на поврзаноста, дигитализацијата, знаењето, вештините и мобилност, инвестиции, трговија, конкурентност итн. Целта е да се приближат економиите во регионот и меѓусебно и кон ЕУ.

Актуелниот фокус на акцијата на RCC е отстранување на пречките за зголемена мобилност, зголемена поврзаност и подобрена конкурентност во Југоисточна европа, истовремено придонесувајќи за подобро управување, подобрување на функционирањето на владеењето на правото и зајакната безбедност во регионот.

Советот за регионална соработка брои 46 учесници. Организацијата, предводена од генералниот секретар, Горан Свилановиќ, е финансирана од Европската Унија, нејзините учесници и други одбори. Има Секретаријат со седиште во Сараево и Канцеларија за врски во Брисел.

https://europeanwesternbalkans.com

RegionalCooperationCouncil

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / март 2018*

1. . Пленарна сесија на Европскиот парламент, 01/03/2018, Стразбур;

2. Европски комитет на регионите (CoR) - фонд за одбрана, 07/03/2018, Рига, Летонија;

3. Европска мрежа на омбудсмани, Конференција 2018, 08/03/2018, Брисел, Белгија.

4. Европски ден на потрошувачи 2018, 20/03/2018, Софија, Бугарија.



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




